**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

Бр. 03-4495/1

Скопје 13.10.2017г.

**Предмет: Дневен извештај на Агенцијата за 13-ти октомври 2017г.**

Почитувани,

Врз основа на обврските од член 76-в став 2 од Изборниот законик, а во согласност со Меморандумот склучен меѓу нашите институции на 04.02.2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го доставува деветнаесеттиот дневен извештај за 13-ти октомври 2017 година.

Со мониторингот на изборното медиумско претставување, што го реализира Агенцијата, беше констатирано дека ТВ Алфа, на 10 и на 11 октомври 2017 година, емитуваше резултати од истражување на јавното мислење по крајниот рок од пет дена пред денот на гласањето, односно по 9 октомври, со што го прекрши член 77 став 1 од Изборниот законик.

Во врска со овој прекршок Агенцијата денеска поднесе и барање за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд.

Исто така, до сите радиодифузери беше упатен допис со потсетување дека од полноќ започнува изборниот молк, кој трае до 19 часот на 15 октомври, односно до затворањето на гласачките места. Во дописот беше уште еднаш повторено кои сè содржини не смеат да се емитуваат зашто тоа би претставувало кршење на молкот. Соопштение со ваква содржина беше испратено и до јавноста.

Извештајот од надзорот на ТВ Алфа, како и соопштението за јавноста, се објавени на веб страницата на Агенцијата.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**директор**

**.............................................**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Палата Панко Брашнаров
ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.mk
contact@avmu.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009